**С Т О П А Н С К А   Б А Н К А   А Д - С К О П Ј Е**

# О Д Л У К А

за начинот на пресметување и исплата на дивидендата за приоритетните акции на Стопанска банка АД - Скопје за 2011 година

Скопје, Мај 2012 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр. 221/20.12.2011 година, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на ____ .05.2012 година донесе

# О Д Л У К А

за начинот на пресметување и исплата на дивидендата за приоритетните акции на Стопанска банка АД - Скопје
за 2011 година

1. Стопанска банка АД - Скопје (СБ) ќе изврши исплата на дивиденда по приоритетни акции за 2011 година во вкупен износ од МКД 6.595.876,00 или бруто износ од МКД 29,00 по акција.

2. Основицата за пресметка на дивидендата изнесува МКД 90.977.600,00 денари (227.444 приоритетни акции со номинална вредност од МКД 400.00 по акција).

3. Датум на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда, односно датум на пресек на Акционерската книга е 18.06.2012 година.

4. Последен ден на тргување со право на дивиденда е 13.06.2012 година.

5. Прв ден на тргување без право на дивиденда е 14.06.2012 година.

6. Дивидендата ќе се исплати во вид на еднократно плаќање најдоцна во рок од 30 дена од датумот на кој Собранието на акционери на СБ ќе ја усвои Одлуката за распределба на добивката согласно Годишната сметка на Стопанска банка АД - Скопје за 2011 година.

7. Рок за известување на акционерите кои имаат право на дивиденда за 2011 година е најдоцна 5 дена од одржаната седница на Собранието на акционери. СБ ќе го објави известувањето во најмалку еден дневен весник и на веб страницата на СБ.

8. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

С.О. бр. _____
___.05.2012 година
С к о п ј е

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Претседавач,**

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на Одлуката за издавање на акции во Втора емисија СО. бр. 32/20.06.1991, Одлуката за издавање на акции во Четврта емисија СО.бр. 102/30.05.1996 година и во согласност со одредбите на член 487 од Законот за Трговски Друштва, Стопанска банка АД - Скопје ќе изврши исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2011 година.

Со оваа Одлука се утврдува начинот на пресметка, основицата за пресметување и начинот на исплатата на дивидендата на имателите на приоритетни акции.

Согласно понапред цитираните Одлуки за издавање на акции, дивидендата по приоритетни акции се утврдува во висина на каматата на средствата (штедните влогови) на население орочени на 1 (една) година, зголемена за соодветниот процентен поен кој се утврдува со Одлуката за каматни стапки на СБ донесена од Комисијата за управување со активата и пасивата на СБ. Од март 2006 година, наведенета каматна стапка се утврдува на 1 процентен поен. Истиот начин на пресметка на дивиденда беше применет и во текот на 2011 година.

Основица за пресметка на дивидендата е износот од МКД 90.977.600,00 денари, односно 227.444 приоритетни акции со номинална вредност од МКД 400,00 денари по акција.

Вкупниот износ на дивиденда за приоритетните акции за 2011 година е МКД 6.595.876,00 или бруто износ од МКД 29,00 по акција. Дивидендата која се исплаќа на домашни и странски физички лица е предмет на персонален данок на доход, а дивидендата на странски правни лица е предмет на данок на задршка во согласност со Законот за персонален данок на доход, пречистена верзија (Служен весник на Република Македонија бр. 80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97, 8/2001, 50/2001, 52/2001, 02/2002, 44/2002, 96/2004, 120/2005, 52/2006, 139/2006, 6/2007, 160/2007, 159/2008, 20/2009, 139/2009, 171/2010 и 135/2011) и Законот за данок на добивка, пречистена верзија (Службен весник на Република Македонија бр. 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/2001, 2/2002, 44/2002, 51/2003, 120/2005, 139/2006, 160/2007, 122/2008, 159/2008, 85/2010, 47/2011 и 135/2011).

Имајќи го предвид погоре изнесеното, се предлага Собранието на акционери на СБ да ја донесе оваа Одлука.

Скопје, Април 2012 година